Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Кирчо Шљаков од Ресен УП2 09-141/24 од 12 март 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-632 од 22 декември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-632 од 22 декември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Кирчо Шљаков од Ресен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-141/24 од 12 март 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-632 од 22 декември 2023 година на КЕЦ Охрид, против висината на трошокот за приклучок на износ од 145.266,00 денари.

За овој предмет првично беше донесено Решение за одбивање на барањето на согласност, по кое беше поднесен Приговор и истиот беше уважен со задолжение жалителот да го изведе внатрешниот приклучок на негов трошок а Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа според кое приклучокот ќе биде поставен на најблиската точка од нисконапонската мрежа до парцелата на жалителот.

Сега, се приговара против новодонесеното Решение.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 1 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-141/24 од 12 март 2024 година со прилог:

-Приговор

-Приговараното Решение

-Решение за уважување на Приговор УП2 09-197/23 од 28.09.2023 година

-GIS скици

-Спецификации на трошоци.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека спецификациите се коректно изработени.

Членот 39 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) гласи:

(1) Објектите на корисниците на дистрибутивната мрежа се приклучуваат преку приклучок на дистрибутивната мрежа, кој може да биде стандарден или нестандарден приклучок.

(2) Стандарден приклучок е приклучок на низок или среден напон при што објектот кој се приклучува се наоѓа на подрачје кое е опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за село (УПС) или урбанистички план вон населено место (УПВНМ) и е исполнет еден од условите:

1) одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот е помала или еднаква на 400 kW;

2) сите колективни станбени, деловни и станбено-деловни објекти, без оглед на одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот

(3) По исклучок на став (2), стандардни приклучоци на нисконапонска мрежа се и приклучоци за објекти чија што максимална едновремена моќност е помала или еднаква на 11 kW и не се опфатени со локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД), а во подрачјето каде се наоѓа објектот за кој се бара приклучок има и други постоечки корисници и/или потенцијални баратели на приклучок.

(4) По исклучок на став (2) стандардни приклучоци на нисконапонска мрежа се и приклучоци за објекти за кои е издадена локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД), а се наоѓаат во подрачје опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за село (УПС) или урбанистички план вон населено место (УПВНМ).

(5) Сите останати приклучоци кои не ги исполнуваат условите од став (2), став (3) и став (4) на овој член се нестандардни приклучоци.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека пресметката на трошоци е направена согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–141/24**
**8 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**